Уп. бр. 08-128

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата АП Сигма с.р.о. (AP Sigma s.r.o), со регистрирано седиште на адреса Храдчанске намести 56/16, Храдчани, 118 00 Прага 1, Чешка и ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с. (CIPHER SOLUTIONS, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка, доставено преку Адвокатско друштво георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 30.09.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АП Сигма с.р.о. (AP Sigma s.r.o), со регистрирано седиште на адреса Храдчанске намести 56/16, Храдчани, 118 00 Прага 1, Чешка и ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с. (CIPHER SOLUTIONS, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка ќе основаат заедничко вложување кое ќе управува со Георгиана Центарот (Georgiana Centre) лоциран во Прага, Чешка, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 01.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвата АП Сигма с.р.о. (AP Sigma s.r.o), со регистрирано седиште на адреса Храдчанске намести 56/16, Храдчани, 118 00 Прага 1, Чешка и ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с. (CIPHER SOLUTIONS, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка, со која АП Сигма с.р.о. (AP Sigma s.r.o) и ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с. (CIPHER SOLUTIONS, a.s.) ќе основаат заедничко вложување кое ќе управува со Георгиана Центарот (Georgiana Centre) лоциран во Прага, Чешка.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-АП Сигма с.р.о. е друштво со ограничена одговорност основано во согласност со законите на Чешка. Единствен содружник на АП Сигма е Архиепископијата на Прага („АП“). АП Сигма е активна во издавање под закуп на недвижности, станови и деловни простории, како и во управување со сопствен имот.

Деловните активности на АП Групацијата главно ги опфаќаат следните области:

-Развој на недвижности и земјиште;
-Издавање под закуп на станови и деловни простории;
-Управување со шуми и продажба на дрва;
-Спроведување на проекти за одржлива енергија, вклучително и пронаоѓање соодветно земјиште и имплементација на фотоволтаични и ветерни електрани;
-Управување со фонд за депозити на АП Групацијата и на парохиите; и
-Управување со пензиски фонд во чешкиот град Рожмитал под Тремшинем.
АП Сигма с.р.о. нема зависно друштво во Северна Македонија и не е присутен на пазарот на Северна Македонија на било кој начин.

-ЦИПХЕР СОЛУТИОНС, а.с., е акционерско друштво основано во согласност со законите на Чешка. Засега е „празно“ друштво без сопствени деловни активности.

Единствен акционер на ЦИПХЕР СОЛУТИОНС а.с. е ККЦГ Реал Естате Гроуп а.с., со седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка. ККЦГ Реал Естате Гроуп а.с. е дел од мултинационалната финансиска и инвестициска група ККЦГ Групација и ги претставува активностите на групацијата во областа на недвижности. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, меѓу кои: лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на оперирање со терминали за видеолотарија и пазарот на ИТ и во Северна Македонија ги има следните зависни друштва:

-Друштво за посредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Киро Глигоров бр.2, Скопје и приоритетна дејност-дејности на коцкање и обложување;

-Друштво за приредување на игри на среќа Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Киро Глигоров бр.2, Скопје и приоритетна дејност дејности на коцкање и обложување;

-Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ДООЕЛ Скопје), со регистрирано седиште на ул.11ти Октомври бр.33А/Центар 1, Скопје и со приоритетна дејност компјутерско програмирање;

-Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје) со

регистрирано седиште на ул.11ти Октомври бр.33А/Центар 1, Скопје и приоритетна дејност друго образование, неспомнато на друго место и

-Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 11ти Октомври бр.33А/Центар 1, Скопје и со приоритетна дејност компјутерско програмирање.

Планираната концентрација се состои од создавање на заедничко вложување кое ќе управува со Георгиана Центарот кој се наоѓа во Прага, Чешка. За таа цел ќе бидат основани две друштва во рамки на заедничкото вложување –XXX [1] и ќе се грижи за неговата реконструкција и управување, а другото ќе биде задолжено за фактичкото функционирање на Георгиана Центарот.

Георгиана Центарот ќе функционира како уметнички и едукативен центар кој, меѓу другото, ќе управува со галерија од светска класа, интерактивен центар за историјата на Католичката црква во чешките земји, како и ќе организира и евентуално ќе издава под закуп свои простории за општествени настани.

Заедничкото вложување нема да има никакви деловни активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 а) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**

[1]Податоците претставуваат деловна тајна